**20230270438**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 35 став 2 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 282/22), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 1 февруари 2023 година, донесе

## ПРОГРАМА ЗА ИЗГРАДБА, ОПРЕМУВАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ НА ОБЈЕКТИ ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА И ДОМОВИ ЗА СТАРИ ЛИЦА ЗА 2023 ГОДИНА

I. Со оваа програма се уредува финансирањето за изградба, опремување и одржување на објекти за социјална заштита и домови за стари лица за 2023 година, вкупните средства потребни за извршување на оваа програма во целина и изворот на средствата.

Средствата за реализација на оваа програма во вкупен износ од 33.660.000 денари се обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година, Раздел 150.01 - Министерство за труд и социјална политика, Потпрограма 4А - Изградба, опремување и одржување на објекти за социјална заштита и домови за стари лица и ќе се користат за следните намени:

- изведување на градежни работи за адаптација на простор за дневен центар за лица со телесна и ментална попреченост во Општина Македонски Брод,
- набавка, испорака и монтажа на опрема за дневен центар за лица со телесна и ментална попреченост во Општина Македонски Брод,
- набавка, испорака и монтажа на опрема за сензорна соба во дневен центар за деца со телесна и ментална попреченост во рамки на ООУ „Петар Мусев“ во Богданци и ООУ „Кирил и Методиј“ во с. Стојаково и
- изведување на градежни работи за изградба на мултифункционален центар во с. Добрашинци.

II. Во 2023 година со средствата од Потпрограма 4А-Изградба, опремување и одржување на објекти за социјална заштита и домови за стари лица ќе се измират и обврски за капитални инвестиции за социјална заштита за проекти започнати во 2022 година:

- изведување на градежни работи за изградба на Дневен центар за деца со интелектуална и телесна попреченост во Општина Кавадарци и
- изведување на градежни работи за реконструкција и адаптација на деловен објект број 4 во ЈОУ „Дом за стари лица д-р Иван Влашки“–Берово.

Вкупните обврски во 2023 година кои ќе произлезат од склучените договори за проектите од став 1 алинеите 1 и 2 на овој дел во износ од 14.165.699,00 денари ќе се исплатат во зависност од реализација на терен.

III. Следење на спроведувањето на оваа програма, врши Министерството за труд и социјална политика и најдоцна до крајот на 2023 година доставува извештај до Владата на Република Северна Македонија.

IV. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-345/5
1 февруари 2023 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Фатмир Битиќи,** с.р.